*Број: 02 - 6826/2*
***28.09.2010 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LXXX -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 10.05.2010 година со почеток во 12.00 часот*
*во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член.*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Горан Коевски, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член;*
- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член.*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *М-р Маја Парнарциева - Змејкова, директор на ФЗОМ;*
- *Татјана Лукановска, директор на секторот за финансии;*

- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Кристина Христова, ВД директор на секторот за фармација;*
- *Христо Трповски, шеф на одделот за нормативно-правни работи, во својство на записничар.*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниот одбор Елена Трпковска. Утврди дека на седницата се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување. Објасни дека седницата е закажана како итна заради потребата ургентно да се распределат неискористените средства од квотите на аптеките, на аптеките кои утврдените квоти ги искористиле а потребите на осигурените лица на нивното подрачје се поголеми. Исто така, од стручните служби на Фондот се предлага измена на Правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство. Согласно ова, предложи седницата да работи по следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства, кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство.*

*Управниот одбор го прифати предлогот и едногласно го усвои следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

1. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства, кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година;*
2. *Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

*ТОЧКА 1 - Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства, кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година*

*Директорот Јелникар објасни дека заради задоволување на потребите на осигурените лица од лекови, потребно е средствата кои во првиот квартал останале неискористени а кои биле насочени во аптеките заради обезбедување на осигурените лица со лекови, во вториот квартал да се пренасочат во оние аптеки кај кои имало целосно искористување на средствата а на чие подрачје потребите на осигурените лица за лекови се поголеми.*

*По објаснувањето Управниот одбор расправаше за начинот на распределбата на неискоритените средства, по што на крајот едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства, кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во вториот, третиот и четвртиот квартал на 2010 година***

*со која се изврши распределба на неискористените средства од аптеките од првиот квартал на 2010 година.*

*ТОЧКА 2 - Правилник за изменување и дополнување на правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство*

*Лазар Трајчев објасни дека со оваа измена на правилникот ќе се овозможи децата со посебни потреби да не плаќаат учество во цената на здравствената услуга за која се упатени во странство. Со тоа начинот на нивното користење на услугите во странство ќе се усогласи со одредбите на Законот за здравственото осигурување и ќе се надмине сегашната состојба.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на правилникот за начинот на користење на здравствени услуги на осигурените лица во странство***

*Со тоа се исрпи дневниот ред, па во 13.30 часот Управниот одбор заврши со работата на LXXX -та седница.*

***Записничар,***
***Христо Трповски***

***Управен одбор***
***Заменик на претседателот,***
***Ирфан Хоџа***